ОДНОСОТ КОН ТУРСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ТВОРЕШТВОТО НА ЛУАН СТАРОВА

Лилјана МАКАРИЈОСКА

Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
makarijoska@imj.ukim.edu.mk

Апстракт:

Предмет на нашиот интерес се ставовите на Луан Старова за влијанието на турските лексички елементи во балкански контекст, односно во македонскиот и албанскиот јазик, како и нивната застапеност во неговото творештво. Како истражувач Старова имал сознанија за етимологијата на зборовите од различни лексичко-семантички групи, навлезени преку турскиот јазик, а како писател нив ги вткајувал во својот јазичен израз. Тој посветувал внимание и на турското влијание на зборообразувачко рамниште, на синонимијата итн. Проследувајќи ја употребата на турските лексички елементи во делата на Старова, како и кај други автори од различни генерации, може да се заклучи дека, некои турцизми поради промената на општествениот систем се архаизирале, други се однесуваат како составен дел на наутралната лексика, а се изделуваат и оние со експресивна употреба.

Клучни зборови: лексика, турски заемки, зборообразување, синонимија, фразеологија

1. Вовед

Односот кон турските заемки во прозата на акад. Луан Старова, го расветлува и во улога на истражувач и во улога на писател. Истражувачот Старова, по долгогодишно консултирање на научни и лексикографски трудови се напојувал со сознанија за етимологијата и значењето на овие заемки и нивната застапеност во балканските јазици. Писателот Старова, пак, ги употребува турцизмите во своите дела, а се одлучува посебно да ја разгрне дебатата за турското лексичко влијание во македонскиот и албанскиот јазик во романот „Балканвавилонци“. Иако најмногу страници во романите на Старова се посветени на „семејната археологија“, на дорасветлувањето на настани и ликови, романот во некоја смисла е „археологија на балканската лингвистика и историја“. Исчитувањето на редовите посветени на влијанието на турскиот јазик врз македонскиот и албанскиот во поширок контекст, претставува значаен прилог кон документирањето на турското влијание врз македонскиот лексички систем во балкански контекст.

2. Книжевното творештво на Луан Старова

Во богатото книжевно творештвото на Луан Старова централно место имаат романите од циклусот „Балканска сага“, започнат со романот „Татковите книги“, а токму пораките оставени на страниците на татковите книги тој ги сфаќа како завештание да раскажува за семејната историја, но и за историјата на балканските простори. Во овој роман се јавува и еден персонифициран лик, а тоа се книгите од наследената таткова библиотека, како и еден апстрактен лик кој означува процес – читањето. Пораката на неговите романи е: интерпретирајќи ги книгите, ние вечно трагаме по вистината (Реџепи 2020, 440, сп. и Реџепи 2005).

Според Старова секоја книга има своја судбина, а семејните и балканските судбини се проткајуваат и во „Времето на козите“, „Патот на јагулите“, „Балкански клуч“, „Балкански жртвен јарец“, „Балканвавилонци“ сè до „Баба“. Во романот „Патот на јагулите“, авторот ја опишува трагичната историја на своето семејство. Тоа е книга за т. н. „откорнати семејства“ исполнети со различни надежи (Ибрахими 2019, 131).

https://doi.org/10.62792/ut.icfra.y2026.i2.pp67

Во „Балкански клуч“ таткото и мајката постојано се грижат за сигурноста на домот и за најблиските. Карактеристично за мајката е и чувањето на клучевите, односно вездеприсутната надеж дека еден ден повторно ќе се отклучат затворените врати од напуштените огништа (Даниловска 2023, 323). Старова говори и за болката која ја доживува по преселбата, за границите, за сеќавањата на напуштениот дом, и тоа за сеќавањата на дедото, бабата, мајката, таткото, каде од пет различни гледни точки го дообјаснува поимот граница (*Трифуновска Јаниќ, Даниловска 2023, 446–449)*. Во богатиот книжевен опус на Старова се издвојуваат четири теми што се проткајуваат и низ „Времето на козите“ и „Ервехе. Книга за една мајка“ и тоа: идентитетот, историјата, егзилот и границите. Овие теми ја засегаат не само Македонија или Албанија, туку се, се чини, секогаш актуелни за целиот Балкан, на кој се преплетуваат различни култури, јазици и религии (Simoska 2016, 125).

3. Интегрирањето на турските лексички елементи во јазичниот систем

При проучувањето на секој јазик несомнено постои интерес за заемањето на туѓојазичните, најчесто лексички елементи и за нивното адаптирање и интегрирање во јазичниот систем. Застапеноста на лексиката од турско потекло во македонскиот и во албанскиот јазик е резултат на меѓујазичните контакти во минатото (почнувајќи од крајот на XIV век па сè до денес) исто како и во другите балкански јазици (Макаријоска, Нестор 2010, 5–18). Под турцизми ги подразбираме зборовите преземени од турскиот јазик без оглед на нивното етимолошко потекло, односно и оние што се примени со посредство на турскиот јазик, но се со арапско или со персиско потекло.

Денес некои турски заемки се зачувани како зборови од неутралната лексика, адаптирани во основниот речнички фонд, други (на пр. називи за предмети и садови за секојдневна употреба, делови од облеката и сл.), се архаизми или дијалектизми, а трети излегле од употреба затоа што по долгата употреба со иста содржина добиле тесно, специјализирано значење (сп. и Макаријоска 2022, 327–328).

Со кодификацијата на македонскиот стандарден јазик доаѓа до ограничување на употребата на турцизмите, т. н. „одживеани“ турцизми, кои отпаднале од употреба, станале непродуктивни, неспособни за развивање нови значења и изведување нови зборови, односно на оние што изразуваат поими, предмети на кои им се придава ново значење, или пак по долгата употреба со иста содржина добиле потесно, специјализирано значење (Јашар-Настева 2001, 25). Но, според Б. Конески (1981, 144, 145) ограничувањето или стеснувањето на сферата на употребата на турцизмите не се должи на „некаков организиран отпор спрема употребата на турцизмите“, туку на фактот што тие припаѓаат со својата смисловна содржина кон една помината епоха.

Во однос на прашањето за географската дистрибуција на заемките, во македонското и албанското јазично подрачје покрај општораспространети се изделуваат и дијалектни и локални периферни турцизми. На пр. во македонскиот, локализмите се карактеристични за говорот на исламизираното население (пр. од областа на религијата), а дијалектно ограничените за источномакедонските говори (Макаријоска 2009, 212). И во албанскиот јазик, се смета дека позастапена е нивната употреба во централните говори.

Во стандардизираниот лексички фонд, турцизмите според временската оска, главно, може да бидат дел од: а. неутралната лексика, која е неповрзана за кое било време. На пр.: бозаџија < bozacı, кафеџија < kahveci, кираџија < kiracı, пазарџија < pazarcı, тутунџија < tütüncü, бурекчија < börekçi, занаетчија < zanaatçı, симитчија < simitçi; б. архаизми, кои се употребувале во минатото, а денес место нив има други синоними: капиџија / вратар; мадемџија / рудар; саиџија / поштар; унерџија / вешт; бичакчија / ножар; ѓумрукчија / цариник, небетчија / чувар, стражар; в. историзми, кои изразуваат

територијална поделба или организација, институции, функции на лица, појави и предмети надминати со општествените промени и современиот начин на живот: акинџија < akıncı, дервенџија < derbentçi, беглак < beylik, везирлак < vezirlik, пашалак < paşalık, спаилак < sipahilik (Леонтиќ 2020, 351–352).

4. Турските лексички елементи во јазичниот израз на Луан Старова

Континуитетот во употребата на заемките од турскиот јазик се потврдува и со состојбата во авторските дела, во современата македонска литература (Макаријоска, Цубалевска 2017, 183–198, Макаријоска 2022, 327–355), па предмет на нашиот интерес е односот кон турските заемки на Луан Старова.

Погледите на Старова на јазикот воопшто, своите корени ги имаат во татковите погледи, за кои ќе проговори во „Татковите книги“: „Татко имаше чудна, неизвесна, комплексна и недофатлива јазична судбина... Татковиот мајчин јазик беше турскиот. Него, со задржана сочност и звучност, му го вроди неговата мајка... Никогаш докрај не ѝ остана верен на ниту една татковина, на ниту еден јазик, на ниту една вера, на ниту една идеологија. Единствено верен, до крајот на животот остануваше верен кон татковината на книгите... граматики, речници на јазиците што требаше да ги проучи, доучи, на народите кои, му се чинеше, ја испреплеле судбината со неговиот народ. Според истражувачот Старова, пишувањето на романот „Балканвавилонци“ не би можело да се замисли без фундаменталните лексикографски дела како што се „Речникот на ориентализмите во албанскиот јазик“ (со 4 500 зборови со турско, арапско и персиско потекло) на Тахир Н. Диздари, драгоцениот речник на турцизмите во српскохрватскиот јазик на А. Шкаљиќ (Škaljić, 1966), монографијата на О. Јашар-Настева, „Турските лексички елементи во македонскиот јазик“ (2001), докторската дисертација на Х. Поленковиќ, одбранета во 1939 г. во Загреб, под менторство на П. Скок за „Турските елементи во ароманскиот јазик (компаративен лексички приказ на сите заемки во балканските јазици)“, а издадена од МАНУ (Поленаковиќ 2007).

Писателот Старова ја разгрнува дебатата меѓу неговиот татко и Климент Камилски за (не)оправданоста на постоењето на турцизмите во балканските јазици, потрагата по „стоте најопасни турцизми“, кои треба да бидат претставени со нивните посебни толкувања, со најубедливи аргументи за нивното конечно чистење „низ мисловното чистилиште“ од нивните мајчини јазици. Дебатата има длабока и научна и хумана порака.

Сп. Се надеваше дека со Татко му влегле во трага на балканското проклетство, задржано во најжилавите, тврдокорни османизми, длабоко вкоренети во балканските јазици.... (БалВ: 406). Климент Камилски имаше подготвено листа од педесетина опасни турцизми, па не му беше тешко да ги предложи петте први, најопасните: 1. јаничар 2. курбан 3. башибозук 4. зандана, 5. кодош. Татко не размислуваше многу за да ги каже своите пет први зборови, кои не претпоставуваа бришење од јазиците, туку требаа да го докажат правото на нивниот натамошен живот и соживот: ајде 2. јаваш 3. табиет 4. капиџик 5. комшија. Несомнено и денес во разговорниот јазик може да ја потврди широката употреба на ајде, комшија, табиет и др.

4.1. Континуитетот на лексичкото заемање од турскиот јазик

На историски план, Старова ќе истакне дека, особено од крајот на 16 век, старословенските зборови, па дури и зборови од грчко потекло се заменуваат со турцизми: свет, спасител, жртва, ближни... се заменувале со: дуња (свет), кортолисовач, курбан, комшија... Почести биле и: инсан (народ, луѓе), есалет (псалтир), џе(в)нем, џехнем (пекол), кабает (грев во црковни книги, вина во световните книги), куртул (спас),

најголем впечаток оставаат епитетите што им се придаваат на Исус, Богородица и светците... Христос е кортолисовач, неатерџија, Богородица е ќефилка, свидетел, гарант. Апостолите се чираци божји (БалВ: 365–366). Присуството на турските зборови во црковните текстови зборува за интензитетот на турското влијание и за широката употреба на турцизмите во македонските народни говори, односно во писмениот јазик од XIX век.

Во врска со хронолошкиот аспект и во XVII век е уште поголемо присуството на турцизмите во балканските јазици: ама, арамии, бериќет, ѓум, ибрик, казан, кубе, кутија, машала, муштерија, пари, руба, саан, синија, тепсија, хич, чифлик (БалВ: 227).

4.2. Турските лексички заемки од семантички аспект

Во дебатата се засегаат лексеми различни семантички полиња, на пр.: турските заемки од областа на градежните материјали кои навлегле во балканските јазици од кои некои се употребуваат и денес: кересте ‘градежен материјал’ (од перс. kereste); зајре, се употребува за ‘градежен материјал’, но и за ‘храна, јадење, прехранбени артикли’ (од арап. zahire); тула, тугла ‘печена цигла’ (преку грч., односно лат. tuğla) и ќерпич ‘непечена, сушена цигла’, коишто се употребуваат до денешни дни.

Старова ја истакнува употребата на комши пенџере (од тур. comşu penceresi), како и на: пенџер, пенџера ‘прозорец’ (од перс. pencere), заемка присутна во балканските јазици и во книжевните текстови. Во народните говори се сретнува и синонимот џам (од перс. cam), што во тур. означува стакло (БалВ: 409–410).

Од оваа област, во романите на Старова ќе ги посочиме и: басамак, душеме, миндер, чардак, капија, тараба, а од областа на покуќнината и душек, јорган, јастук: се врати кон преостанатите зборови како: диван, диванхане претсобје, пармак, басамак, мердивен, сандак, долап, серген (БалВ: 412), и се искачија по басамаците и се најдоа на чардакот (Пол: 60), имаше книги кои татко ги криеше во „подземниот дел“, односно под душемето од својата библиотека (ЉГ: 20), Татко последен заспиваше, најчесто со отворена книга на миндерот на чардакот (Пол: 81), не би можел да влезе в куќи преку добро замандалената капија (Пол: 84), да си поприкажат, со почит и ред, за нивните балкански алови, без страв дека нивните зборови ќе ги минат тарабите на куќата (БКл: 15), најде меѓу називите за делови на постелата: душек, јорган, јастук, чаршав, калаф ‘навлака за перница’ (БалВ: 414) итн.

Се употребуваат и голем број називи за цвеќиња, заемки од перс.: ѓул, зумбул, јасмин, јоргован, каранфил, лале, селвија, шебој. Сп. ги одгледува чудесните модрикаво-жолти шебои, бели и црвени миризливи каранфили и големи трендафили (БКл: 16), се шириле миризбата на расцутените црвени каранфили (БалВ: 64); називите за овошје, зеленчук: бостан, карпуз, лимон, наранџа, патлиџан, урма, ѓефтелија. Пр. неколку зборови во врска со нив како: бостан, карпуз, лимон, наранџа, патлиџан, урма, ѓефтелија (БалВ: 230).

Од персиско потекло се многу називи за јадења, зачини, прехранбени производи, пијалаци: боза, бурек, кајгана, мезе, нишесте, наут, ошаф, пилав, раванија, чорба, шарлаган, шеќерпаре, шкембе. Сп. Брзо ќе подготвеше мезе од свеж зарзават и ќе донесеше ракија од визбата (БКл: 159).

Сигурно постојат имиња на многу јадења кои не допреле во речниците, останале во семејната меморија, преживеале, како на пр. тикушот, или исчезнале засекогаш... Старова решава да ја оживее семејната подготовка на тикушот. Првин се меси тестото, дел за подлогата, а дел се сука за покривање на вметокот, кој се состои од сосот на вареното пиле и три до четири заматени јајца. Потоа тикушот се пече во фурна или под сач. Но што значи зборот тикуш? …Вистинската мистерија не е толку во оваа „пита со пиле“, туку во зборот – тикуш. Јас овој збор со значење на пита не го најдов ниту во еден

речник (БалВ: 461). Бележиме и други заемки од областа храна: имам бајалди, симид: Одлична Ви беше тавата имам бајалди (БалВ: 200), влезе и Мајка со големиот подавалник со чашките чај и неколку топли симити (Пол: 83).
Старова укажува дека најмногу има арапски зборови кои означуваат разни звања, професии и титули, како на пример: валија, везир, кадија, кајмакам, калфа, муфтиш, султан и други: ако секој од овие си дојде на свое место, ниту ти кадија, ниту јас валија! (БалВ: 478). Исто така и во врска со војската и воената опрема како: анџар, арач, аскер, забит, низам, талим или пак во врска со исламот: алах, аџија, вакаф, ездан, еџел, имам, ислам, куран, курбан, минаре, муфтија, муезин, оџа, рамазан, теќе, тулбе, џамија, џемаат шеријат (БалВ: 228).
Голем број турски заемки се толку одомаќинети во балканските јазици што говорителите не им го знаат потеклото. На пр. во мак. и алб.: аман – aman, абер – haber, барабар – barabar, ич – hiç, зорт – zor, пазар – pazar, пачаврa – paçavure ‘валкана крпа’; пилаф/пилав – pilaf, пишман – pishman, раат – ratë, резил – rezil, сакат – sakat, сефте – sefte, сокак – sokak, таксират – taksirat, ќеф – qejf, фајде – fajde, џамадан – xhamadan, џамбас – xhambaz, џабе – xhaba, џаде – xhade и др.
Во врска со тоа Старова ќе забележи: Зборот ајде имал широка употреба, но со најчеста конотација: да се појде, да се побрза. Овој збор беше толку вкоренет во балканските јазици што ретко кој се прашува за неговото потекло (БалВ: 305).
Во јазичната практика, природно, на заемките може да им се надоврзат синоними кои би го надополнувале значењето, но според Старова „во никој случај да не бидат со декрет избришани во било кој балкански јазик“ (БалВ: 240). Значењето на зборот кодош во турскиот јазик е проводаџија ‘посредник при женидба’, но и ‘никаквец, озборувач’, а во другите балкански јазици се пренесува со различни нијанси на дејство на пренесување лошотии за друг човек, најчесто за материјална корист (БалВ: 295), требаше да се справат со вистинските и виртуелните кодоши (БалВ: 299), Во животот видов многу маки од кодошите, имаше меѓу нив што ги знаев, а ме кодошеа, имаше и кодоши кои не ги знаев (БалВ: 300). Сп. и кодоши, кодошење, кодошки, кодошија: брат брата кодоши! Кај се чуло видело?! (ЉГ: 346), *...нема поголем човеков грев од кодошењето (БалВ: 301), минуваше во животот низ вистински кодошки лавиринт (БалВ: 301), како да станавме, татко, земја кодошија! – токму така, синко! (ЉГ: 130).*
Неодминлив е и турцизмот душман, за што се посочува познатата изрека: Бог од пријатели те спасува, а од душмани мораш самиот! (БалВ: 476). Сп. и душманлак, душманство: Душманлакот, мој Камилски, пред да биде балканска, беше и европска појава... Се разбира дека душманлакот го има на целата земја. Но, секако, имало поголем или помал душманлак (БалВ: 391–392).
Со чувство на добар познавач на разговорниот јазичен стил, Старова ќе ги изделi честоупотребуваните турцизми: табиет, гајрет, инает, усул. На пр.: Не рекол народот без причина: Секој човек со својот табиет. Не се рекло без основа: колку луѓе толку табиети... табиетот си останува табиет (БалВ: 325).
Турцизмот гајрет е присутен во сите балкански јазици со значење ‘храброст, сила, трпение, смирување, солидарност, приврзаност’ и други (БалВ: 357), Гајретот ги смирува и зајакнува душите... (БалВ: 357), Гајретот умира последен! (БалВ: 475).
Најчестите значења кои му се припишуваа на инаетот, турцизам од арапско потекло, во балканските јазици се: тврдоглавоста, гневот, лутината, упорноста, кавгата, каприцот, подивувањето. Но, наспроти можните синоними, тој секогаш крие и нешто друго ... ретко кој би можел лесно да го искорени од балканските јазици (ВалВ: 347). Ако со инаетот говори ѓаволот во душата, тогаш со севапот говори Бог (БалВ: 348). Беља е тешко заменлив збор во балканските јазици: Има луѓе кои бељата си ја бараат, други се за беља родени*, трети постојано куртул бараат од поголема беља (БалВ: 475).*

Од мноштвото заемки Старова ги изделува: тертип (ред, поредок, план, начин), унер (чудо), усул (внимание, со мерка), чалам, чаре (БалВ: 366), а н*а листата неодминливи би биле и: касмет, мерак, лезет, усул, терсене, ич. На пр.:* Животот си минува, меракот останува! (БалВ: 480), *Некој си е терсене пред да се роди (БалВ: 482), Животот ти е големо ич! (БалВ: 477).*

Старова се определува и за разглед на заемките со почеста употреба во балканските јазици и за истакнување на употребуваните турцизми, наспроти македонските синоними: фајда (корист, полза), шаитлак (доказ, свидетелство), абер (вест), акал (ум, разум), ал (грижа, положба, состојба, мака), далавера (измама, лага), дереџе (степен, состојба), дикат (внимание), дубара (клевета, измама), есап (сметка), изин (дозвола), мајтап (изигрување, подбивање), нафака (среќа, благосостојба), ниет (намера), усул (внимание, со мерка) (БалВ: 366).

Од турцизмите со почеста употреба во романите на Старова ќе ги споменеме: *аир* (hayır), *дерман* (derman), *есапи* (hesap)*, колај* (kolay)*, табиет* (tabiat)*, чаре (*çare*):* ќе имаш, синко, голем аир од тоа *(ЉГ: 176),* не бери гајле, синко, во слобода, сè се учи (ЉГ: 207), офицерот бара дерман кај неа за раната (ЉГ: 214), и одлично да есапат (ЉГ: 206), колај работа, синко! (ЉГ: 206), нека се отворат училиштата со овие учители па, потем, колај работа! (ЉГ: 207), народот вели: колку паши толку табиети! (ЉГ: 207), не, синко, не! Има чаре! (ЉГ: 215), ...зар навистина, синко, нема друго чаре? (ЉГ: 388), Живите, синко, секогаш наоѓаат чаре! (ЉГ: 390).

Ќе ги споменеме и бакшиш, гурбет, черек, сиџил: штедрите играчи секогаш ни даваа бакшиш (БКл: 16), ја изгради со парите од гурбет (БКл: 126), Агиме беше останала со черек судбина, но со духот цел (БКл: 119), Неговите стари сиџили откриени од пред три века... (БКл: 81).

Старова ја завршува дебатата на главните ликови за да го донесе заклучокот: – Пријателе мил, си ставивме трн во здрава нога! Никако да се излезе на крај со овие проклети заемки. Ги наоѓаме и таму каде што сме мислеле дека не постојат. Тие жилаво се вкорениле во многу зборови на балканските јазици! ... Но мене не ми се бара повеќе по речниците, книгите, записите... Ќе излеземе во стариот дел на градот, по тврдината, во старата чаршија да видиме дали уште живеат османските заемки! – Во право си, пријателе, животот останува првата и последна проверка за вистината... (БалВ: 423).

А проверката на која упатува Старова денес ни потврдува дека има реактуелизацијата на многу турски заемки, во медиумите, во секојдневната комуникација, дури и во јазикот на младата генерација.

5. Влијанието на турскиот јазик на зборообразувачко рамниште

Заради долгото непосредно јазично влијание и на зборообразувачко рамниште некои турски суфикси, на пр. -џија, -лак, -лија станале продуктивни и со словенска или друга основа. Според Конески (1987, 219–220) некогаш неутралните суфикси „се користат како наставки со емоционална окраска, што станало можно поради она ограничувањето на турцизмите во сферата на архаичниот бит“. Овој суфикс како да му дава на говорителот поголема слобода во именувањето или означувањето или карактеризацијата на определени групи луѓе. Во прозата на Старова бележиме голем број образувања со -џија, пред сè занаети и занимања, но и др.: *бојаџии, казанџии, самарџии, сапунџии, кираџии, кујунџии, меанџии, симитџии, терзии, ќирчии, чакшири, чешмеџии* (БалВ: 227), На брзо збогатените *далаверџии*... им недостигаше уште играта... (БалВ: 18), Христос е кортолисовач, *неатерџија* (БалВ: 366), *даваџија* тужител од дава тужба (БалВ: 398).

Многу примери потврдуваат дека заемките се вклопуваат во зборообразувачкиот систем на македонскиот јазик, со продуктивните суфикси (Макаријоска 2009, 228–

231). Пр.: лесно го преточија *кадиството* во новото судство (БалВ: 322), првиот збор најопасниот – јаничар, *јаничарство* (БалВ: 241), *кадиски* судски записи (БалВ: 13), А за *есапењето*, ти реков, немај грижа (ЉГ: 207) и др.
Старова употребува и голем број сложенки со компоненти од турско потекло, на пр.: Милетот бил воден од *милет-баша* (БалВ: 329), Си имавме за себе *катиљ-судбина* (Пол: 250), Нема балкански народ кој не се повикува на својата *курбан-судбина* (БалВ: 273), Балканот ќе се ослободи од *самокурбанот* (БалВ: 278).

6. Турското влијание во фразеологијата

Но впечатливо е и турското влијание во фразеологијата. Сп. *На Балканот, кај сите народи е честа изреката „Кадијата те тужи, кадијата те суди“ (БалВ: 320).*
Во македонскиот и во албанскиот јазик се среќаваат голем број калкирани турски конструкции од именка, односно придавка и глагол (в. и Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2020, 17–51). На пр. *пишман се стори* / u bë pishman ‘се кае’ тур. pişman olmak; *резил се стори* / rezil u bë ‘се посрамоти’ тур. rezil olmak; *чини гајрет* / jep gajre ‘се труди, се мачи, издржува’ тур. gayret etmek; *крши атер* /prish hatrin ‘навредува, не оди по волја’ тур. hatrını kırmak; *бере гајле* / ki gajle ‘се грижи, се нервира’ тур. gaile çekmek.

Заклучок. Проследувајќи ја употребата на турските лексички елементи во делата на Старова, но и неговиот осврт на континуитетот на лексичкото влијание на турскиот јазик, на синонимијата, на семантичките промени, може да се заклучи дека, некои турцизми поради промената на општествениот систем се архаизираат, други се однесуваат како составен дел на наутралната лексика, а се изделуваат и оние со експресивна употреба кои се особено актуелни во современата литература и во секојдневната колумникација. Појавата на објаснување на заемките би можело да се поврзе со специфичноста на содржината, недостигот од адекватни термини во народниот јазик, но и со свесен стилистички пристап за експресивност во изразувањето, а со калкираните изрази се оживува социјалната и индивидуална содржина. И овој осврт за односот кон турските заемки на писателот и истражувачот Луан Старова, меѓу другото, потврдува дека неговото творештво ќе остане предмет на незгаслив интерес и на литературната критика и на лингвистиката.

Литература

[1]. Даниловска М. 2023. The spirit of the Balkan in „Balkan key“ by Luan Starova, *Albanologija*, 10 (19–20), Tetovo: University of Tetova, стр. 322–325.
[2]. Ибрахими С. 2019. Трансформација на идентитетот и егзилот во делата на Луан Старова (докторски труд), Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.
[3]. Јашар-Настева О. 2001. *Турските лексички елементи во македонскиот јазик,* Посебни изданија, кн. 31, *Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.*
[4]. Конески Б. 1981. *Историја на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура.
[5]. Конески Б. 1987. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура.
[6]. Леонтиќ, М. 2020. Турските елементи во македонскиот јазик како јазична и културна нишка меѓу турскиот и македонскиот јазик, *Погледи за македонскиот јазик*, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, МАНУ, Совет за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“, стр. 337–355.
[7]. Макаријоска Л. 2009. Континуитетот на турското влијание врз македонскиот лексички систем, *Македонистика*, бр. 10, стр. 189–238.
[8]. Макаријоска, Л., Нестор, В. 2010. Турското влијание врз македонскиот и албанскиот лексички систем, *Литературен збор*, год. LVII, кн. 4–6, стр. 5–18.

[9]. Макаријоска, Л., Цубалевска М. 2017. За употребата на турцизмите во современата македонска литература, *LXIII научна конференција на LXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 183–198.
[10]. Макаријоска, Л., Павлеска-Георгиевска, Б. 2020. *Прилози од македонската фразеологија*, Скопје.
[11]. Макаријоска Л. 2022. *Лексичкото богатство на современата македонска литература*, Скопје.
[12]. Поленаковиќ, Х. 2007. *Турските елементи во ароманскиот,* Скопје: *МАНУ.*
[13]. *Рецепи, А. 2005. Балканска сага (сагата во романескниот циклус на Луан Старова)*, Скопје: Институт за македонска литература.
[14]. *Рецепи, А. 2020.* Интеркултуралноста на Балканската сага на Луан Старова, *XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 436–445.
[15]. *Трифуновска Јаниќ С., Даниловска, М. 2023.* Преселничката судбина во романот „Граница“, *Albanologija*, 10 (19–20), Tetovo: University of Tetova, стр. 446–449.

[16]. Simoska S. 2016. Luan Starova auf Deutsch – ein literarischer Balken zum interkulturellen Austausch mit dem Balkan. Mario de Matteis (Hrsg.): *Übersetzung, Literatur und Kultur als Brücken zur interkulturellen Kommunikation*, IX. Konferenz der Germanistischen Abteilung in Tirana Tirana, 5. Mai 2015, 122–132. Tirana: Departamenti i gjuhës gjermane, Universiteti i Tiranës.
[17]. *Škaljić A. 1966. Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku, Sarajevo: Svjetlost.*

Извори

БалВ – Луан Старова, *Балканвавилонци*, Скопје: МАНУ, 2014.
БКл – Луан Старова, *Балкански клуч*, Скопје: Мисла, 1995.
ЉГ – Луан Старова, *Љубовта на генералот*, Скопје: *МАНУ, 2008.*
Пол – Луан Старова, *Полифонисти*, Скопје: МАНУ, 2016.